ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 27-8443/1
13-07-2026 20
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), а во врска со член 17-а став 2 од од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24,193/25 и 96/26) и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 213/24), Советот на Град Скопје објавува

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 01/2026**
**за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен одбор**
**и членови на надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на**
**јавните претпријатија основани од Град Скопје**

1) Советот на Град Скопје на предлог на Градоначалникот, објавува јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во управен и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење во јавните претпријатија основани од Град Скопје, на веб страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk и на веб страните на јавните претпријатија и тоа:

1. ЈП Водовод и канализација, седиште и веб страната www.vodovod-skopje.com.mk

2. ЈП Комунална хигиена, на веб страната www.khigiena.com.mk

3. ЈП Депонија Дрисла, на веб страната www.drisla.mk

4. ЈП Паркови и зеленило, на веб страната www.parkovi.com.mk

5. ЈП Улици и патишта, на веб страната www.uip.gov.mk

6. ЈП Градски паркинг, на веб страната www.gradskiparking.com.mk

7. ЈП Лајка, на веб страната www.lajka.com.mk

8. ЈСП Скопје, на веб страната www.skopjebus.mk

2) За член на Управен одбор на јавното претпријатие, согласно член 17 став 4 од Законот за јавните претпријатија, може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите наведени во член 17 став 4 од Законот за јавните претпријатија, членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да ги исполнуваат и условите наведени во став 5 од истиот член и да имаат најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

3) За член на надзорниот одбор, согласно член 26 став 2 од Законот за јавните претпријатија може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од член 26 став 2 од Законот за јавните претпријатија, членовите во надзорниот одбор на јавните претпријатија треба да ги исполнуваат и условите наведени во став 3 од истиот член и да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,

-еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Согласно законските прописи се избираат 7 члена на управен одбор и 3 члена во надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење.

На членовите членовите на управен/надзорен одбор им се исплаќа месечен надоместок за учество во работата на одборот во износ утврден со закон и Одлука за утврдување на висината на надоместокот за членовите на управните и надзорни одбори во јавните претпријатија и за членовите на органите на управување и надзор во јавните установи онесена од страна на Советот на Град Скопје (Службен гласник на Град Скопје бр.13/25).

4) Со пријавата (образец кој е во прилог на овој Јавен повик) заинтересираните кандидати задолжително треба да ја достават следната документација:

- образец за пријавување (Образецот за пријавување на јавен повик е составен дел на овој Јавен повик);

- кратка биографија;

-уверение за државјанство;

- уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, соодветно за местото за кое се пријавува,

- потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

- потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија

- сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон за бараната позиција.

5) Документацијата од точка 4 треба да биде поднесена во оригинал или копија заверена на нотар, во затворен плик, без назначување на субјектот кој ја поднесува пријавата, до архивата на Град Скопје, бул.„Илинден“ бр.82, со назнака: „За Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен одбор/ надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење со назнака за позицијата за која се аплицира и јавното претпријатие за кое се аплицира“.

6) Постапката за селекција на членовите на управен/надзорен одбор на Јавното претпријатие се состои од две фази и тоа:

–  административна селекција (се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во Јавниот повик) и нивно бодување и

– интервју.

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Град Скопје : www.skopje.gov.mk

11) Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е 5 дена, сметано од денот на објавување на јавниот повик.

12) Краен рок за доставување на документацијата 18.07.2026 година.

13) Кандидатите кои аплицираат за членови на повеќе управни/надзорни одбори, потребно е да поднесат поединечно пополнета пријава за секоја позиција за која аплицираат.

14) Некомплетната документација и документацијата доставена по истек на рокот за пријавување нема да биде разгледувана од страна на Комисијата за селекција.

15) Незадоволните кандидати од изборот за членови во управни/надзорни одбори на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Број 27- 8443/1
13.07.2026 година
Скопје

С О В Е Т  Н А  Г Р А Д  С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
проф.д-р Даме Димитровски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Образец за пријавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен / надзорен (се заокружува само едно) одбор на јавно претпријатие

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на јавното претпријатие | |
| 2. | Име и презиме | |
| 3. | Место на живеење (улица и број) | |
| 4. | Телефон за контакт | |
| 5. | Е-маил/e-mail | |
| 6. | Кратка биографија | |
| 7. | Уверение за државјанство | |
| 8. | Уверение или диплома за завршено високо образование | |
| 9 | Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик (потврда од ФПИОСМ за евидентиран стаж) | |
| 10. | Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон | |
| 12. | Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност | |

Датум ______________________

Потпис на подносителот ______________________

| Пополнува примачот на пријавата | |
|---|---|
| Архивски број на пријавата | |
| Датум на прием на пријавата<br><br>______________________година | Потпис и печат<br><br>______________________ |